Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë,
Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 04-6854/9
24.07.2026 год. - viti
Скопје / Shkup



**04 – 6854/ __ од __.07.2026 година**

Врз основа на член 22 став (1) од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на РМ,, бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024), член 23 став (4) од Законот за работни односи („Службен весник на РМ„ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021, 111/2023, 39/2025, 74/2025 и 124/25) и член 11 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016и и 11/2018 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024) Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## О Д Л У К А

**за избор на еден (1) извршител на определено време за работно место**

Помлад соработник за планирање и обработка на податоци во Одделение за планирање и обработка на податоци во инспекторатот – Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци во инспекторатот.

1. **За работното место** Помлад соработник за планирање и обработка на податоци во Одделение за планирање и обработка на податоци во инспекторатот – Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци во инспекторатот при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Државен инспекторат за земјоделство се избира кандидатот **ИВАН МИНОВ.**
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време до 31.12.2026 година формирана со Решение број 04-6854/3 од 10.07.2026 година донесено од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, по Јавниот оглас за вработување на определено време со број 04/2026 објавен на 09.07.2026 година во дневните весници Слободен печат, Вечер, Слободен печат и Коха за работното место број 1 од огласот: Помлад соработник за планирање и обработка на податоци во Одделение за планирање и обработка на податоци во инспекторатот – Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци во инспекторатот спроведе селекција за избор на кандидат за наведеното работно место.

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време изготви Записник од извршена селекција од јавниот оглас за вработување на определено време број 04-6854/5 од 14.07.2026 година, Записник од работата на Комисијата за вработување на определено време по Јавен оглас број 04/2026 заради спроведување на интервју број 04-6854/6 од 16.07.2026 година и Предлог-одлука за избор на кандидати број број 04-6854/7 од 20.07.2026, врз основа на што Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе тужба пред основен граѓански суд Скопје во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на одлуката.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**НАДИЦА ЦЕРКОВСКА**

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
I
СКОПЈЕ-SHKUP

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именованиот
- Сектор за човечки ресурси
- Сектор за финансиски прашања
- Агенција за вработување

Изготвил:Адријана Момировска
Контролирал: Бесим Бафќари
Согласен: в.д. Директор на ДИЗ Ивица Ангеловски